ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 20 ДЕКЕМВРИ 2021

ТОП ВЕСТИ:

- Трајковски: Новата година испишете ја со многу радости и насмевки, со добро здравје, како трајни гости во вашиот дом. Среќна Нова 2022 г.
- Донесен Буџетот на Општина Делчево за 2022 година
- Обезбедени средства за доизградба на градскиот пазар
- Донација на возило за ТППЕ Делчево од Словенија

## СРЕЌНА И БЕРИЌЕТНА НОВА 2022

**Трајковски: Н**овата година испишете ја со многу радости и насмевки, со добро здравје, како трајни гости во вашиот дом. Среќна Нова 2022 г.




### Донесен Буџетот на Општина Делчево за 2022 година



### Обезбедени средства за доизградба на градскиот пазар



### Донација на возило за ТППЕ Делчево од Словенија



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Новогодишна честитка на градоначалникот Трајковски

Актуелности




Почитувани сограѓани,

Пред нас е новата година со своите 365 дена во кои влегуваме со нов оптимизам, нови надежи, желби и планови. Ниту еден ден од годината, не вткајува во нас, толку многу желби за нови почетоци и успеси, за позитивни промени и благодет, за здравје и среќа, како денот, кога ги броиме последните мигови од старата и ја дочекуваме новата година. Секој почеток значи надеж, нова енергија, позитивна мисла и очекување, а почетокот на новата календарска година, нè поттикнува со отворено срце и најубави зборови да им посакаме на најблиските, пријателите, колегите, соседите, да имаат радосна и просперитетна година.

Старата 2021 г ги пакува куферите заедно со сите грижи, нервози, болки и загуби, но , несомнено од неа, излегуваме побогати со ново животно искуство.

Од неа продолживме да учиме дека грижата за личното здравје е грижа за јавното здравје, но и дека науката му дава на човекот сила и вистинско оружје за да истрае и да се бори и да извојува победа соочен со премрежјата и предизвиците од пандемијата. Научивме дека за остварување на секоја цел треба вредно и посветено да работиме, искрено да се вложиме. И по сè, 2021 ќе ја паметиме долго, како нова животна лекција.

Сега, кога ги броиме последните часови од старата година, вообичаено правиме резиме на годината што изминува. Во старата, одговоривме одговорно на предизвиците и ги завршивме капиталните проекти ветени во програмата, со нова енергија , се подготвуваме за реализација на нови инфраструктурни проекти.

Во старата ја добивме повторно потврдата од Вас, почитувани граѓани, дека политиките кои ги водиме ја заслужуваат вашата доверба. Во новата 2022 г. продолжуваме со исто темпо со единствена цел: развој на нашето Делчево да го изградиме за да ни биде гордост. Во сите наши напори стои заедничкиот именител дека работиме во интерес на граѓаните, работиме за подобар квалитет на животот на граѓаните.

Воедно, во мое име и во име на вработените во Локалната самоуправа, ви ги честитам новогодишните празници и ви посакувам мир, благосостојба и здравје, успеси на лично и професионално поле.

Утре е првата празна страница од книгата со 365 страници. Ви посакувам во Новата да ја испишете со многу радости и насмевки, со добро здравје, како трајни гости во вашиот дом.

Среќна Нова година!

# Донесен Буџетот на Општина Делчево

## Совет на Општина Делчево



На Третата седница на Советот на Општина Делчево, мнозинството советници го усвоија Буџетот на Општина Делчево за 2022 година кој е во висина од 286.088.378 денари и Основен буџет од 97.117.000 ден. Капиталните расходи во вкупниот Буџет се планирани во износ од 51.594.000 денари, додека тековно-оперативните расходи се планирани во износ од 234.494.378 ден. Во **Основниот буџет** капиталните расходи се планирани во износ од **40.424.000 денари, или 41,6%,** додека тековно -оперативните расходи се планирани на износ од **56.693.000 ден. или 58,3%.**

Како што истакна градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, согласно со финансиските параметри, Буџетот за 2022 го квалификуваме како развоен буџет, бидејќи најголем дел од проектираните средства се расходи наменети за капитални проекти, неопходни инвестиции во инфраструктурата како услов за раст и развој на општината Буџетот за 2022 година е одговор на предизвиците што претстојат, но е и во насока на реализација на приоритетите за следната година.

- Овде не се ставени средствата кои ги добиваме по договор од агенции, министерства, БРР, плански региони, централна власт, други фондови.Тоа се средства за кои имаме потпишано договори со коишто, исто така, ќе се градат капитални објекти во 2022 и ќе се инвестираат над 160 милиони денари, како и средствата од тековниот проект на МТВ преку Светска банка преку кој се реализираат проекти во висина од 800.000 евра**.** Со што имаме повеќекратна додадена вредност на капиталните инвестиции во 2022год. Планираните капитални расходи во најголем дел се однесуваат за изготвување на проекти, изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа како во урбаниот, така и во руралниот дел на општината. Во 2022 година за изградба на улици и патишта се предвидени 7.000.000 денари, за реконструкција 5.884.000 ден. Исто така, планирани се средства за експропријација во износ од 1.500.000 денари. Планирани се средства во Основниот буџет во износ од 5.000.000 ден.за набавка на камион-дигалка, кој ќе служи за потребите на градот. За изработка на проекти за улица и патишта и др. проекти планирани се 2,8 милиони ден, потенцираше Трајковски.

Во текот на 2022 година од средства од централната власт и други фондови ќе се реализираат: Изградба на нов водовод во с. Ѕвегор и с. Габрово, изградба на скејт- парк , промена на азбестни цевки во нас. Милково Брдо, Ново Делчево и потисен цевковод во Трети реон. Обезбедени се средства за изградба и опремување на нова детска градинка во нас. Расадник, изградба на крак од ул. „Илинденска“ , за дореализација на изградбата на градскиот пазар, рехабилитација на полски пат во с.Вирче.

Трајковски додаде дека Буџетот на Општина Делчево е проектиран да обезбеди високо ниво на реализација на капиталните инвестиции во делот на патната и комуналната инфраструктура.

-Развојната компонента ни дава очекување за економски раст во општината во 2022 година, бидејќи капиталните проекти очекувано се зголемуваат и по број и по квалитет. Клучни капитални проекти на кој ќе посветиме големо внимание е изградбата на градскиот пазар, но и максимална посветеност во сите сегменти за реализација на втората фаза-инфраструктурен дел од проектот на филтер -станицата за чиста вода за пиење, како најважни сегменти за подобрување и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните на Општина Делчево, рече Трајковски.

За претседателот Гоце Попов, капиталните расходи значат зголемена потрошувачка, но во инфраструктура и проекти кои ќе имаат финансиска оправданост и ќе стимулираат раст и развој. Буџетот треба да се стреми да има поголема ставка на капитални расхооди. Но, потенцираше дека мора во иднина да се стимулираат повеќе младите и иновативните идеи изразени преку дигиталните системи кои се иднината и носат подобар квалитет на животот.

# Одржана Третата Седница на Советот на Општина Делчево



Советниците ја одржаа Третата седница на Советот на Општина Делчево на која расправаа и донесоа одлуки по 14 точки од предложениот Дневен ред за Седницата.

Со гласови од мнозинството советници, беше донесен Буџетот на Општина Делчево за 2022 г кој тежи 286.088.378 денари и Основен буџет од 97.117.000 ден. На Седницата беше усвоен и Буџетскиот календар за 2022 и Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за наредната година.

Советниците: ја формираа и Комисија за изработка на Програма за работа на Совет за 2022 година; го усвоија Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за 2021, ја донесоа и Програмата за родова еднаквост на мажите и жените за 2022 г.; Програмата за управување со отпад во Општина Делчево за 2022; Програмата за јавна чистота на Општина Делчево за 2022 година; Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година.

Советниците дадоа зелено светло и на Одлуката за приоритетен проект „Набавка на контејнери за цврст отпад“ во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност. Набавените контејнери ќе бидат наменети и поставени во најсиромашните села во општината согласно со донесената урбанистичка ревизија. Вкупната проектна вредност е 1.422 021.90 со вклучен ДДВ, а грант- средствата кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 1. 422 021.90 мкд.

Инаку, деновиве беше одржана и 4 Седница на Советот на Општина Делчево со единствена точка на Дневниот ред- донесување Одлука за урбанистички план - ДУП за УЕ3, дел од урбан блок 3.2, Општина Делчево, плански период 2019-2024, конечен предлог план со технички број 55/2019 од декември 2021 г - плански период 2019-2024 г, документ неопходен за апликација во МТСП за изградба на нова детска градинка во населбата Расадник. Одлуката беше едногласно поддржана од сите присутни советници на Седницата.

Совет на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево

# Одржана Втората седница на Советот на Општина Делчево



Советниците на Втората седница на Советот на Општина Делчево, расправаа и донесоа одлуки по 13 точки од Дневниот ред.

Со Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година, дел од вишокот на приходи од Програмата N2 (средно образование) во износ од 3.000.000 ден се прераспределуваат во Програмата N1 (основно образование), а по претходно донесени одлуки на Советот и на Владата на РСМ. Со оваа интервенција се врши деблокада на сметката на ООУ „Св.Климент Охридски" кое беше блокирано по судска пресуда поради исплата на оштета за повреда на ученик во ПУ во с. Разловци.

Советниците донесоа решенија со кои за членови на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево ги именуваа: Даниела Георгиевска, Ален Атанасовски, Маријана Стоименовска, Коле Манов, Милена Глинџарска; додека за членови на УО на детската градинка „Весели цветови", како претставници на основачот – Општина Делчево се именувани: Благица Петровска, Ана Ситновска Димитровска и Тони Вангеловски; за претставник од стручниот совет на установата е именуван Езѓан Мемедов, а претставници од Совет на родители се именувани Билјана Стојковска и Симона Спасовски.

Советниците ги усвоија Извештајот за реализирани активности за 2021 г. и Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден" за 2022 г., а дадоа и согласност на Статутот на Локалниот музеј на град Делчево „Пијанец и за Измените на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2022 година.

Советниците ја усвоија и Програмата за дополнување на Програмата за изработкана урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 . Исто така, Советот донесе неколку одлуки за одобрување финансиски средства на граѓани и здруженеија. На Петар Богоевски му се одобрија средства во висина од 15.000 денари за учество на 75 -то Светско првенство во бодибилдинг кое ќе се одржи во Шпанија; на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака" Делчево му се одобрија средства во висина од 15.000 ден; 30.000 денари се одобрија на Војчо Атанасов од с. Град за надомест на штета од пожар кој настанал во неговата семејна кућа во с. Град на 15.07.2021г; на Асан Шаинов од Делчево му се одобрија 8.000 денари за подобрување на условите за живот во неговиот дом.

Инаку, на Седница, советниците донесоа Одлука за престанок на мандатот на советникот Кристи Стојковски, советник од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, кој поради лични причини поднесе оставка.

Актуелности

# Обезбедени средства за доизградба на градскиот пазар




Од Центарот за развој на Источно-планскиот регион, Општина Делчево доби 13,9 милиони денари за проектот „Градски пазар во Делчево-отворен и затворен дел II фаза“ со што се заокружува финансиската конструкција за целосно завршување на современиот градски пазар во Делчево. Согласно со потпишаниот Договор, обврската на Општина Делчево за доизградба на градскиот пазар е 4,8 милиони денари.

Како што истакна градоначалникот Горан Трајковски, по новогодишните и божиќните празници, Центарот треба да го распише тендерот за избор на најповолен економски оператор за доизградба на градскиот пазар, кој е капитален проект во Делчево и кој ќе биде двигател на локалната економија.

– Од постоењето на Делчево, градот за прв пат добива современ градски пазар. Вкупната вредност на проектот е 35 милиони денари, од нив во првата фаза, 7 милиони денари беа обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој, додека во втората фаза од изградбата, обезбедени се средства од Министерството за локална самоуправа- Биро за регионален развој преку Центарот за развој на ИПР во висина од 13,9 мил. Останатите средства ги обезбедува Општина Делчево, рече Трајковски

Со реализацијата на овој проект, Делчево ќе добие современ градски пазар со целата инфраструктура, каде ќе бидат испочитувани сите критериуми за соодветно чување и продавање на храната и на најразновидната стока, како и соодветен паркинг– простор. Градскиот пазар е со површина на градежна парцела 11.599 м2 и површина за градење 6.944 м2 и содржи продажен простор за земјоделски производи, но и други стоки.

Инаку, во тек е изградба на нова улица која го поврзува новиот пешачки мост и новиот градски пазар со што се решава уште една инфраструктурна потреба која е во насока за заживување на овој дел од централното градско подрачје кое добива нов урбан лик.

# Асфалтирана ул „Орце Николов“

Актуелности




Заврши реконструкцијата на ул. „Орце Николов“ во должина од 600 метри, како дел од Проектот за поврзување локални патишта во РСМ кој Министерството за транспорт и врски го реализира со финансиска поддршка на Светска банка. Со ставањето асфалт и изградбата на тротоарите на оваа главна сообраќајница во населбата Ново Делчево, се одговори на барањата на граѓаните и се овозможува безбедно одвивање на сообраќајот.
Во рамките на проектот, претходно се реконструираше и ул „Скопска“, а интензивно се работи и на изградба на патот Делчево-Тработивиште во должина од 5,3 км со што се добива уште една сообраќајница која овозможува полесен пристап до селата Тработивиште и Разловци, односно се гради уште една патна алтернатива за овие две села во Делчево. По празниците се очекува да започне реконструкција и проширување на дел од ул „Острец“ со изградба на потпорен ѕид.
Инаку, во рамките на проектот преку МТВ и Светска банка Делчево доби околу 800.000 евра неповратни средства наменети за решавање инфраструктурни проблеми и средства кои носат развој, подобар квалитет на животот и подобрување на состојбата со патната инфратсруктура.





# Актуелности

## Асфалтирани краци на ул „Голем рид“





За прв пат асфалт добија трите крака од улицата „Голем рид“ во населбата Стрелиште во Делчево со што се одговори на барањата и потребите на жителите од оваа населба кои со децении газеа кал и дишеа прашина. Изградени се краците со вкупна должина од 250 метри.
Инвестицијата за изградба на оваа улица е на Општина Делчево и во рамките на пакетот инфраструктурни проекти за изградба на улици во Делчево и селските средини во износ од 9 милиони денари.

## Доизградена улицата „Плачковица“





Улицата „Плачковица“ во населбата Трети реон, деновиве доби своја комплетна завршница. Завршена е изградбата, поставен асфалт со банкини на последните 250 метри од улицата која е со должина од над 1 км. Освен што населбата добива современа сообраќајница, безбедна за сообраќај, со асфалтирањето на последните неизградени метри од улицата се решава проблемот со патната инфраструктура на поголем дел од семејствата кои живеат или гравитираат на овој дел од населбата, а исто така, улицата го таргетира и резервоарот за вода на локалитетот Чуката.

Актуелности

# Донација на протоивпожарно возило со опрема од словенечки Чрномељ за делчевската ТППЕ





Противпожарно возило и опрема за делчевските пожарникари донираше Доброволната противпожарна бригада Стари трг об Колпи, со седиште во Општина Чрномељ, Република Словенија. Донацијата лично ја прими градоначалникпот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој заедно со претставници од ТППЕ Делчево се наоѓаат во работна посета на Општина Чрномељ и противпожарната бригада од општината.

Во рамките на посетата, градоначалникот Трајковски оствари средба со градоначалникот на Општина Чрномељ, Андреј Кавсек. На средбата се разговараше за идната соработка меѓу Делчево и Чрномељ за искористување на фондовите од ЕУ, како и соработката на културно поле. Воедно, договорени се и обуки на делчевските пожарникари кои ќе придонесат за стручна надградба на капацитетите на пожарниците.

Донираното противпожарно возило возило Magirus – Deutz е со комплетна опрема и во одлична состојба и значително ќе придонесе за подобрување на опременоста на пожарникарите и за ефективноста и ефикасноста на делчевските пожарникари.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Подготвени за снежните врнежи



Општина Делчево и фирмите задолжени за зимското одржување на локалните улици и патишта и јавните површини во Општината, се подготвени за снежните врнежи. Зимското одржување на општинските улици и патишта во Општина Делчево од 11.12.2021 ќе го врши фирмата „Дикор цд“ од Струмица. По спроведената јавна набавка, Општина Делчево потпиша Договор со економскиот оператор, како најповолен понудувач, кој ќе постапува согласно со потребите на Општината и Планот за долгорочно зимско одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Делчево во кој е предвидена приоритетна листа на одржување патишта и улици кои опфаќаат патишта со асфалтен коловоз од 82,5 км, патишта со коловоз макадам од 42 км и улици со асфалтен коловоз во должина од 38,5 км.

Инаку, одржувањето и чистењето на тротоарите и јавните површини во градот е обврска на ЈКП „Брегалница“ Делчево, од каде информираат дека претпријатието има обезбедено доволно количини ризла и сол, а претпријатието има спроведено и јавна набавка и склучено договор со локална фирма од каде согласно со потребите сукцесивно ќе се набавуваат дополнителните количини на ризла и сол. Исто така, претпријатието располага со две нови машини ровокопачи-утоварач и со хидрауличен плуг за чистење снег со ширина од 300 см., како и две машини фрези за чистење снег од тротоарите и другите јавни површини.

# Мостот во Трaботивиште пуштен во употреба



Заврши санацијата на пристапната рампа на мостот на река Желевица во делчевско Трaботивиште, оштетен од надојдените води на реката при неодамнешните обилни врнежи од дожд. Со брза интервенција на Општина Делчево и фирмата СД Транс, оштетувањето на пристапната рампа е санирано при што е направен насип од околу 400м3, а дополнително е направена и регулација на речното корито во должина од околу 200 м.

Мостот од денеска е во функција, а неговото оштетување беше еден од посериозните проблеми предизвикани од неодамнешните обилни врнежи од дожд кои донесоа зголемување на водостоите на реките на територијата на Делчево.

Актуелности

# Декларацијата за отвореност, отчетност и транспарентност на локалната самоуправа потпишана од градоначалникот Трајковски

Градоначалникот Трајковски ја потпиша Декларацијата за отвореност, отчетност и транспарентност на Локалната самоуправа, со што Општина Делчево **дава поддршка на иницијативата за поголема отвореност и транспарентност** на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија. Иницијативата е подготвена од Фондација „Метаморфозис“ во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) и е во корелација со досегашната политика на Општината за подобрување на транспарентноста и отчетноста, како алатка за борба против корупцијата.

Со потпишувањето на Декларацијата, Општина Делчево се обврзува да ги следи и почитува начелата и принципите изнесени детално во Декларацијата за отвореност, отчетност и транспарентност на локалната самоуправа во Северна Македонија. Дополнително, континуирано ќе се работи на подобрување на своите политики на транспарентност и вклученост на граѓаните во процесите на донесување одлуки. Отвореноста претставува клучен услов за демократија, која им дозволува на граѓаните да добиваат информации и знаење, неопходни за еднакво учество во политичкиот живот, ефективно донесување одлуки и барање одговорност од институциите за политиките што се спроведуваат.

Декларацијата опфаќа 6 клучни принципи: транспарентност, достапност, интегритет, ефективност, принцип на континуирано унапредување на транспарентноста и интегритетот и принцип на работење кое секојдневно ги подобрува стандардите и условите за отворено, отчетно и транспарентно работење, како и да се има јасно определени развојни цели кон јавно и навремено информирање на граѓаните заради правото на партиципативно одлучување.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

## Трајковски: Воведуваме нова социјална услуга за интеграција на лицата со попреченост

Актуелности



По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, денеска градоначалникот Горан Трајковски беше во посета на Дневниот центар за лица со посебни потреби, каде заедно со директорот на Центарот за социјални работи, Благој Стоименовски, извршија увид во финалните подготовки за отворање на Клубот за социјална инклузија „Интегра“ кој ќе ги постави темелите за создавање на првото социјално претпријатие во Делчево. Реализацијата на овој проект воведува нов квалитет на лицата со посебни потреби во Делчево, истакна градоначалникот Трајковски.

– Лицата ќе развиваат работни вештини кои ќе им послужат за нивно работно интегрирање. Ова е, всушност, почеток на еден вид социјално претприемништво кој започнува од Дневниот центар во Делчево. Во рамките на Клубот за социјална инклузија е планирано да се опфатат 12 возрасни лица со посебни потреби и да се ангажираат дополнително 5 стручни лица за работа со овие лица, рече Трајковски.

Одговорното лице во Дневниот центар Александар Николов додаде дека е набавена потребната опрема и репроматеријали и се очекува по новогодишните празници Клубот ќе започне со работа.

Клубот се реализира преку Проектот за подобрување на социјалните услуги финансиран од МТСП во висина од 2, 4 милиони денари со поддршка на Општина Делчево, а го имплементира Здружението на граѓани „Бравура кооператива“.

# Промовиран првиот уличен продавач на весници



По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, а во рамките на манифестацијата „Денови на хуманоста“ беше промовиран првиот уличен продавач на весникот „Лице в лице“ –месечник кој го промовира моделот на социјално претприемништво.

Далибор Станковски е уличниот продавач на весникот. Тој е познато лице во количка од делчевската чаршија и за него е ова прво вработување и прва шанса за остварување сопствен приход.

Првиот примерок од весникот го купи градоначалникот Горан Трајковски кој му посака успешна работа, но и ги повика сите институции и поединци да дадат поддршка на Далибор.

Иницијатор на активноста е Здружението „Бравура кооператива“ од Делчево од каде потенцираат дека „Лице в лице“ е моќна тетратка, каде сите заедно ќе пишуваме и оставаме своја трага да влијаеме кон позитивни промени – за изедначување на можностите и за креирање на општество по мерка за сите.





# Изложба и драмска претстава за крај на годинешните Денови на хуманоста






Изложбата на дела од Ликовната работилница и драмската претстава со хуманитарен карактер „Вистина или лага", беа завршните настани во рамките на годинешните 4-ти по ред „Денови на хуманост" организирани со цел да се подигне свеста за лицата со хендикеп.
Драмската претстава исполнета со сатира и музика и одлична интерпретација на младите актери беше подготвена од драмското студио на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" под менторство на Маријана Стоименовска. Аплаузот и овациите од публиката беа достоен показател дека целта на претставата е остварена.
Во фоајето на Спомен-домот АСНОМ беше отворена изложбата со ликовните дела создадени на Ликовната работилница организирана по повод манифестацијата „Денови на хуманост". Како што информираше Александар Белогаски, стручен соработник во НУЦК „Н.Ј.Вапцаров" најголем дел од учесниците на Ликовната работилница се членови на Ликовното ателје кое работи во состав на Центарот за култура од Делчево, но во работата беа вклучени и лица со попреченост кои ги учеа техниките на сликарството.
Во годинешните 4-ти по ред „Денови на хуманост" свој придонес дадоа учениците од ООУ „Ванчо Прке", како и од ООУ „Св.Климент Охридски" кои со свои креации и пораки, видеоматеријали, најразлични творби ја испратија својата порака по повод Меѓународниот ден на лицата со хендикеп.
„Деновите на хуманост" ги обединува локалните институции, Општина Делчево, ЈЛБ „Илинден", НУЦК „Н.Ј.Вапцаров", образовните институции, Дневниот центар за лица со посебни потреби и Здружението „Бравура кооператива", со цел заедно да се испрати порака за филантропија и општествена одговорност, да се подигне свеста за лицата со хендипек и нивното место во општеството. Активностите имаат заеднички именител-дека нема свет со различности и дека секој еден е важен.

Култура

# Општина Делчево се вклучува во Програмата РОМАКТЕД. Потпишан Меморандум за соработка

Актуелности




Во рамките на втората фаза од Програмата РОМАКТЕД, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, на Конференцијата организирана по повод почетокот на Втората фаза на заедничката програма на Совет на Европа и Европска Унија- РОМАКТЕД, потпиша Меморандум за соработка со Министерството за труд и социјална политика и Совет на Европа.

Со потпишувањето на овој документ, Општина Делчево и активно е вклучена во Програмата и до 2024 година ќе се имплементираат мерки и активности кои ќе донесат подобрување на животот на Ромите.

Обраќајќи се пред присутните, градоначалникот Трајковски изрази задоволство и позитивни очекувања за Делчево од реализацијата на оваа програма во нашата Општина.

-Очекувањата се дека ќе ја оствариме главната цел која значи подобрување на локалната демократија, отчетност, инклузивност и одговорност кон ромските граѓани и подобрена испорака на услуги, со краен резултат – подобрување на животот на ромската заедница. Општина Делчево и јас, како градоначалник, остануваме посветени на реализација на сите отворени прашања поврзани со Ромите, а дополнителен импулс, дополнителна поддршка за реализација на отворените прашања на ромаската заедница ќе даде и реализацијата на оваа Програма во Делчево, рече Трајковски.

Освен Општина Делчево, во втората фаза од имплементацијата на Програмата, РОМАКТЕД II, се вклучени и општините Берово, Битола, Прилеп, Кочани, Штип, Струмица, Крива Паланка, Шуто Оризари, Гостивар, Кичево, Тетово, Дебар, Велес, Виница.

## 16 дена активизам за борба против родово базирано насилство: Презентирана родовата анализа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево




Родовата анализа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година, како прв документ кој е родовосензибилен во Општина Делчево беше презентиран во рамките на еднодневната работилница организирана од ЗЕЛС на тема „Локализација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство: креирање мерки во рамки на локалните програми за родова еднаквост и социјална заштита".

Како што истакна координаторката за еднакви можности на Општина Делчево, Сузана Петровска, Родовата анализа на Програмата дава акцент на маргинилизирани заедници со цел давање препораки за унапредување на програмите и помош на Одделението за јавни дејности при креирањето на нивните програми за следната година при што се разгледани: Колку жени и колку мажи имале бенефит од реализацијата на програмата за 2021 година; колку жени и колку мажи биле директно вклучени во реализацијата на Програмата за социјална заштита за 2021 година; колку средства се одвојуваат за секоја активност, од каде и за кого; вклученост на Комисијата за еднакви можности при креирање на активностите од Програмата за социјална заштита имајќи предвид дека Општината има Стратегија за родова рамноправност 2020-2022 и Акциски план за реализација на Стратегијата.

Инаку, целта на настанот на кој присуствуваа претставници од општините, лицата одговорни за родова еднаквост и социјални заштита беше да се унапредат знаењата за Истанбулската конвенција, како најсеопфатен документ што воспоставува правно обврзувачки стандарди за превенција и спречување на насилството врз жените и домашното насилство, како и дискусија за националните закони и документи поврзани со спроведувањето на оваа меѓународна Конвенција.

Актуелности

# Инвестиции во детската градинка

Актуелности



Делчевската детска градинка „Весели цветови“ набави нов горилник за системот за парно греење со што комплетно е подновен системот за парно греење во установата. Набавката е од сопствени средства во вредност од 413.000 денари и согласно со годишниот план за јавни набавки, годишната програма и развојниот план на градинката. Како што истакна директорката на градинката, Билјана Симовска, горилникот е монтиран и пуштен во употреба.

Првиот горилник од системот за греење беше заменет во 2018 г., а за да не дојде до крах на грејниот систем, вториот горилник беше репариран, за да овозможи заштеда на нафта, а денес веќе во функција е нов што значи дека системот за греење во градинката сега е подновен максимално и очекуваме реална заштеда на енергија и заштита на животната средина. Од систем пред крах, денес имаме 2 нови горилника кои многу значат, потенцираче Симовска.

Освен, набавката на горилникот за потребните на парното греење, во објектот се вградени и надворешни ролетни на две занимални во доградбата на градинката во вредност од 60.750 денари, а исто така, набавени се и постелнини за сите креветчињата, во вредност од  64.900денари.





# Хумана мисија во пресрет на новогодишните празници



Компанијата „Зегин“ и Општина Делчево во пресрет на новогодишните празници ја реализираа традиционалната хуманитарна акција. Денеска беа доделени 60-тина пакети со прехранбени производи на семејства кои живеат во социјален ризик со што се излезе пресрет на семејствата да имаат побогата новогодишна трпеза.

Со оваа хуманитарна акција уште еднаш се покажа на дело општествената одговорност на компанијата „Зегин“ со чија поддршка перманентно во текот на годината се делат пакети со храна на семејства на кои оваа помош им е добредојдена.
Годинава, хуманитарната мисија на компанијата „Зегин“ и Општина Делчево се дел од големата хуманитарна акција на Советот на млади на Општина Делчево „Новогодишна трпеза за сите“.

# Актуелности

# Голем одзив за хуманитарната акција „Новогодишна трпеза за сите“



Голем одзив бележи првата хуманитарна акција на Советот на млади на Општина Делчево „Новогодишна трпеза за сите“. На ден пред затворањето на акцијата, Родне Деолска, претседателка на Советот на млади на Општина Делчево, истакна дека одзивот за акцијата е огромен и изрази благодарност на сите хумани граѓани и фирми кои се вклучија во акцијата и со мал гест ќе направат многу луѓе среќни за празниците.
-Благодарение на донациите на учениците и нивните родители и наставници од двете основни и средното училиште од Делчево, на донациите од Лука Текс, Брегал, Фротирка, Сони Текс, Алпин Ком, Здружение на пензионери, ОО ЦК Делчево и Регионален центар за застапување, собрани се 90 големи прехранбени пакети, 156 новогодишни пакетчиња за најмладите и околу 20 пакети со облека и обувки за различна возраст и пол, рече Деолска.

# Реализирани планираните проекти за 2021 г во делчевската библиотека

Култура



Јавната локална библиотека „Илинден“ од Делчево годинава реализираше и одбележа 31 активност и настани. Меѓу нив како поважни директорката на установата, Биљана Петровска ги издвои вкупно пет промоции на книги од роднокрајни автори.

-Покрај промоциите на роднокрајни автори, го одбележавме и Светскиот ден на мајчиниот јазик, Светскиот ден на поезијата, Светскиот ден на книгата, Денот на културата, Неделата на детето и Месецот на книгата. Исто така избиравме читател на годината, читател на летото, а ги наградивме нашите возрасни редовни членови, рече Петровска.

За крајот на 2021 година, библиотеката додели награди за најмалите и најредовни читатели.

-Тоа се дечиња од кои две се во детска градинка, а сепак, сите наградени, редовно изнајмуваат книги од библиотеката и како примерни членови навреме ги враќаат прочитаните книги. Ние им велиме едно огромно „Браво“ и нека продолжат да читаат книги. Тоа се: Јана Манева, Димитар Манев и Георги Илиевски. Честитки до сите нив, се читаме и дружиме и во новата 2022 година, додаде Петровска.

Оваа активност, библиотеката ја реализира по втор пат со цел да биде поттик и апел до сите родители да ги научат децата да ја сакаат книгата, да ги научат од мали да ја посетуваат библиотека и да им всадат љубов кон читањето и убавиот пишан збор.

Инаку , во измината 2021 година, ЈЛБ„Илинден“потрошила вкупно 326.533 денари за книги. Набавени се сите интересни нови наслови, барани од читателите. Во однос на инвестицискиот дел, библиотеката успеала да заштеди средства кои ги реинвестирала во потребна опрема во висина од околу 250.000 ден.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**